Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на ден од дневни настани 04.10.2024

Денеска (04.10.2024) околу 10.15 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода С.Х.(55) од Косово. Тој управувал минибус на релација Косово– Грција и кога приспанал на пасошка контрола, поради тоа што немал сертификат за вршење мегувороен превоз на патници, на полициски службеник му понудил поткуп. За случајот бил известен Отсекот за прекугранично криминал и миграции при Регионалниот центар за гранични работи Север, а лицето било приведено во полициска станица за понатамошна постапка.

На 03.10.2024 во 13.45 часот во тетовски Пирок, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Х.(30) од Пирок поради сомнение за сторено кривично дело „приредување на игри на среќа без лиценца, односно дозвола од надлежен орган" предвидено во член 156 од Законот за игрите на среќа и забавните игри. При контролата во неговиот мобилен телефон, било констатирано дека користел веб страница за онлајн игри на среќа за која имал административни права за креирање на други корисници. Исто така, пронајдена е листа со играчи кои биле активни, како и баланс на ставен кредит, со баланс сума и достапни кредити, како и пораки на средства за комуникација со барана за надоплнување на кредити на платформата. Мобилниот телефон му бил одземен, а тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка. Во исто време, полициски службеници од СВР Тетово, во соработка со УЈП и Државен инспекторат за труд, извршиле контрола и во спортската обложувалница во с.Пирок, во која работел, а е сопственост на Е.Ш и И.Ш., двајцата од Тетово. При контролата биле констатирани неправилности во работењето на обложувалницата, за што ќе бидат преземени соодветни мерки од надлежните институции. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен пријава.

На 03.10.2024 во 09.20 часот во Штип, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го привеле Е.М.(36) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (04.10.2024) во 01.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.И.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 22.50 часот во Скопје, на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.С.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 22.10 часот во с.Визбегово, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода К.Х.(51) од с.Визбегово, скопско и Н.Г.(39) од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и дигитална вага. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

Денеска (04.10.2024) во 07.00 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Р.О.(33) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (04.10.2024) во 00.30 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле малолетник од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени два ножа. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (04.10.2024) во 01.00 часот на Граничниот премин Деве Бајр, полициски службеници го лишиле од слобода М.Д.(32) од Република Турција, затоа што при извршена проверка било констатирано дека приложил фалсификувана зелена карта за возилото кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 03.10.2024 околу 21.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистрален пат Куманово - Крива Паланка, во населба Карпош – Куманово, се случила сообраќајна несреќа поврз патничко моторно возило „бмв" со албански национални ознаки, управувано од И.Б.(37) од Скопје и мотоцикл „јамаха" управуван од малолетник од Куманово. Од здобените повреди на местото починал 15 - годишен сопатник на мотоциклот од Куманово, а смрт констатирал лекар од Ифна медицинска помош. Додека, 16 - годишниот возач на мотоциклот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Куманово. Уште на местото на несреќата извршиле екипа од СВР Куманово и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција, возачот на патничкото возилот бил лишен од слобода, а возилото и мотоциклот биле предадени на вонреден технички преглед.

На 03.10.2024 во 07.45 во СВР Битола било пријавено дека на патот Прилеп – Битола се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „тојота" со приилепски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(66) од Прилеп, и товарно возило „волво" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Р.(51) од Битола, при што настанал пожар во двете возила. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а од здобените повреди на местото на несреќата починале возачот Н.В. и А.Р.(74) и Ф.Ј.(51), двајцата од Прилеп, сопатници во патничкото возило. Лекар од Ифна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телата на починатите биле дадени на обдукција. Возачот Г.Р. се здобил со телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп. Увид на местото на несреќата извршиле јавен обвинител и екипа од СВР Прилеп.
На 03.10.2024 во 13.16 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на ул.„Васко Карангелевски" во Прилеп, патничко моторно возило „тојота" со приилепски регистарски ознаки, управувано од Б.Т.(66) од Прилеп, удрило во пешакот П.Н.(50) од Прилеп. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп. Увидот го извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 03.10.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Драчево, Т.С.(64) од Скопје пријавил дека на ул. „Драчевска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 03.10.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Е.Ј.(41) од Скопје пријавила дека на подрачјето на населбата Пинтија во Скопје, нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 03.10.2024 во 14.40 часот во Кавадарци, полициски службеници од ОВР Кавадарци го лишиле од слобода А.С. (21) од Кавадарци поради сторено кривично дело кражба од имот на правно лице од Кавадарци. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 02.00 часот во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино ги лишиле од слобода О.М.(26) од Градско и К.С.(30) од Неготино поради обид за кражба. Околу 01.30 часот тие биле затекнати од сопственикот при обид за кражба во помошна просторија од куќа во Неготино, по што побегнале, но набрзо биле фатени. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 18.50 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.Ј.(38) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. Б.Ј. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 02.10.2024 во 23.20 часот на паркинг простор во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода М.Г.(22) и Д.В.(22), двајцата од Кичево и М.П.(24) и А.П.(26) од Кичево, село Вранештица. При преглед во возилото во кое се наоѓале, биле пронајдени и одземени марихуана и една метална дробилка. По целосно документирање на настанот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 03.10.2024 во 12.15 часот, на место викано „Вражји вир" на подрачјето на Полициското одделение Мирковци, полициски службеници од криминалистичката полиција ги лишиле од слобода Ф.К.(25) од Косово и И.Д.(26) од село Блаце, скопско, затоа што претходно на подрачјето на Мирковци со патничко возило „волво" со косовски национални ознаки, во кое се превезувале, спречувале полициски службеници при извршување службени дејствија за откривање друго кривично дело. Тие биле предадени во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка и ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 03.10.2024 во 14.40 часот во СВР Тетово, 29 – годишна жена од Тетово пријавила дека била измамена од едно лице. Според пријавеното, лицето влегло во продавницот објект каде што работела и одбрал производи за кои требал да плати 3050 денари. Како што е пријавено, со изговор дека има само девизи и дека треба да ги размени за да плати, лицето излегло со производите и не се вратило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2024 во 17.03 часот во Полициската станица Делчево, од Ифна медицинска помош Делчево било пријавено дека кај нив се тешки телесни повреди бил донесен малолетник од Делчево. Според пријавеното, тој се здобил со повредите од остар предмет додека работел во дворно место од куќа во Делчево. За настанот бил известен јавен обвинителот и се работи на расчистување на случајот.

На 03.10.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Центар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.Н.(40) и Т.А.(33), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, Г.П.(40) од Струмица пријавил дека околу 20.05 часот пред угостителски објект во Скопје, на подрачјето на Карпош, бил физички нападнат од Р.В.(35) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Кисела Вода полициски службеници извршиле службен разговор со М.С.(44) од радовишко село, со престој во скопско село, постапувајќи по претходна пријава дека на 28.09.2024 во скопско, физички ја нападнал неговата 39 - годишна поранешна вонбрачна партнерка и се обидел да изврши облуѓа врз неа. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2024 во 17.00 часот во СВР Скопје, од Јавното претпријатие – Паркинзи општина Центар било пријавено дека во периодот од 01.10.2024 до 02.10.2024 од непознат сторител било извршено кривично дело „фалсификување исправа" на тој начин што употребувајќи го името и логото на јавното претпријатие, доставувал лажни дневни паркинг карти на возила на територијата на општина Центар со износ од 300 ден и со насока за плаќање преку наведен QR код кој водел до поле во кое се внесуваше лични податоци и податоци од платежна картичка, кои панатаму би можеле да бидат предмет на злоупотреба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.10.2024 во 16.25 часот во СВР Битола, К.К.(49) од Битола пријавила дека на ул.„Кочо Рацин" во Битола била касната од куче скитник .

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Х.Б.(32) и А.Б.(36), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност". На 08.10.2023 во с.Цветово, скопско, по завршување на спортски натпревар, пријавените од пиштоли испукале неколку куршуми во воздух.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против А.С.(35) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 18.04.2024 на место викано „Цареви кули", полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана од која му овозможил на друго лице да ја користи.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против О.Ц.(21) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 29.03.2024 на ул. „Ристо Кајле" во Струга, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземени марихуана и дробилка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(66) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 02.10.2024 бил извршен претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена рачна бомба „М52", 181 куршум со различен калибар, шест тегли со сачми, четири кеси со барут и два алати за изработка на ловечка муниција.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Н.(34) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 27.08.2024 во Градскиот парк во Скопје, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Б.(25) и Ј.Б.(36), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 21.07.2024 во близина на бензинска пумпа, во с. Јурумлери, пријавените физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Г.Е.(25) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 30.06.2024, пријавениот физички нападнал полициски службеник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ј.Р.(35), В.М.(44), Д.М.(49) и С.М.(39), сите царински службеници, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". На 25.07.2023 на работното место на граничен премин Табановце, за влез во државата, пријавените на едно лице од Струмица ми пресметале помал износ на ДДВ и царински давачки за увоз, со што му овозможиле да се стекне со противправна имотна корист, а му издале и потврда за плаќање на увозни давачки, која ја заверале со свој печат и потпис.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.Ј. од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено продолжено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Пријавената, во периодот од јануари 2024 до август 2024, повеќекратно ја искористила платежната картичка на друго лице, при што предизвикала материјална штета од 187.133 денари.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против М.М.(35) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка". Пријавената, во текот на април, без согласност на лице од Гостивар ја употребила неговата банковна картичка и направила пет трансакции.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.М.(40) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „издавање чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка". На 12.08.2024, пријавениот без согласност од лице од Гостивар, ја употребил неговата платежна картичка и од шалтерот на банка повлекол парични средства.

ОВР Кратово поднесе кривична пријава против М.П.(33) од Крива Паланка поради постоење основи на сомнение сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 19.08.2024 на ул. „Михајло Апостолски" во Кратово, пријавениот управувал товарно возило „зам", сопственост на приватна фирма од Крива Паланка, со кое вршел превоз на огрено дрво без да поседува лиценца и извоз од лиценца за вршење на јавен превоз.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет